Врз основа на член 24 став 1 точка 6, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 15 став 1 точка 6, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово, на дваесет и деветтата редовна седницата одржана на 28.12.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активности на Општина Валандово во областа на спортот во 2024 година

### 1. Вовед

Со Програмата за активностите од областа на спортот во 2024 година, ќе се поддржат програми, проекти, активности и манифестации кои се во функција на подобрување на условите за спортување, натпреварување и рекреирање на граѓаните, како и подобрување на квалитетот на животот на младите луѓе од подрачјето на општина Валандово.

Преку поддршката на спортот Општина Валандово ќе создава услови за поквалитетно натпреварување на спортските клубови и поголема заинтересираност и масовност на младите за спортување.

Практикувањето на спортот особено кај младите се повеќе претставува природна потреба за нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети.

### 2. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Остварување активен однос на Општина Валандово во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;
- Афирмирање на Општина Валандово;
- Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младината, спортистите и на спортско-рекреативните активности на граѓаните;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Промовирање на можностите на Општина Валандово да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;
- Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка;
- Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку развој на училишниот спорт, подеднакво за момчиња и девојчиња, со поддршка на спортските активности на учениचките и учениците од основните општински училишта и средното училиште во Валандово;
- Развој и поддршка на програми, проекти и активности за младите на подрачјето на општина Валандово;

- Развој и поддршка на програми, проекти и активности за меѓународна младинска и/или спортска соработка кои ќе ја афирмираат и промовираат општина Валандово;

**3. Активности**

Активностите во областа на спортот, Општина Валандово ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма.

Во таа насока ќе се спроведуваат активности за:

- Заживување, поддршка и сочувување на континуитет на спортските манифестации со традиција за кои постои интерес кај граѓаните и што се во интерес на развојот на спортот во општина Валандово;
- Учество и/или поддршка во организирањето натпревари од највисок ранг;
- Иницирање и реализирање посебни програми за создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите аматери, на учениците и младината на локално, национално и меѓународно ниво;
- Поддршка на програмски активности на спортски, планинарски, училишни и други клубови кои имаат активности на територијата на општина Валандово;
- Овозможување поинтензивна соработка на спортистите и нивните здруженија со спортисти од други градови од државата, како и збратимените градови на Валандово, заради унапредување на меѓусебната соработка;
- Поддршка на активности и програми кои преку спорт промовираат родова рамноправност, како и инклузивност на лица со попреченост и лица со посебни потреби, на територијата на општината;
- Поддршка при оргранизација на спортски игри кои вклучуваат поголем број учесници на територијата на општината;
- Учество и поддршка на активности и манифестации за меѓународна младинска соработка на територијата на општината, како и промоција на општина Валандово на национално и меѓународно ниво;
- Развој на програми и мерки за поддршка на талентирани спортисти и талентирани млади лица по остварување на значителен индивидуален успех на локално, национално или меѓународно ниво;
- Развој и имплементација на програми и мерки за поддршка на ранлива категорија на млади и маргинализирани групи на млади;

**4. Финасирање**

Активностите на Општина Валандово од областа на спортот и младите, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, спонзорства и донации. При реализацијата на оваа програма, Општина Валандово ќе ги поддржува организаторите на спортските манифестации и настаните за млади при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

- Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (преку надлежните министерства);
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство и
- Други извори.

**4.1 Финансирање на капитални инвестиции од областа на спортот и младите**

- Изградба и реконструкција на повеќенаменски игралишта и спортски објекти во Валандово и населените места.

**5. Завршни одредби**

Градоначалникот на Општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово".

Совет на општина Валандово
Претседател
Владимир Марков